Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM

Арх.бр. УП1-15 234/2024
Дата........................
20-02-2024

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на 110 kV далновод од ТС 110/10 kV Валандово до ТС 110/10 kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица.**

Должината на траса за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 15,2 km.

Планираната траса се граничи со опфат и траса на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.:

- У27021 - за изградба на ТС на КП 7867/1 и новопланиран 10(20) kV, подземен кабелски вод од постоечки 10(20) kV вод на КП 8034/1 до новопланирана ТС на КП 7867/1, КО Струмица, Општина Струмица.
- У04605 - ГУП Струмица - измени и дополнувања.

Во непосредна близина се наоѓа опфати и траса за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.:

- У01410 - ЛУПД за стопански комплекс - Живинарска фарма со придужни содржини на м.в."Страиште", КО Валандово, Општина Валандово.
- У29616 - ГУП за град Валандово, Општина Валандово.
- У20713 - ПИ за линиска инфраструктурна градба - вод за електрификација на базна станица за мобилна телефонија СРМ 7011, КО Костурино и КО Три Води, Општина Струмица.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. 37423** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на 110 kV далновод од ТС 110/10 kV Валандово до ТС 110/10 kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на 110 kV далновод од ТС 110/10 kV Валандово до ТС 110/10 kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство на подрачјето на катастарската општина Рабово, Валандово, Костурино и Струмица има регистрирани и евидентиран недвижни споменици на културата и археолошки локалитети, додека на подрачјето на катастарските општини Три Води, Злешево и Куклиш нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на орхеолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културно наследство "Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство.

7. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена **предметната документација со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на 110 kV далновод од ТС 110/10 kV Валандово до ТС 110/10 kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната

средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Министерството за транспорт и врски** врз основа на член 42 став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), со постапка бр. 53657 од 06.07.2023 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на 110 kV далновод од ТС 110/10 kV Валандово до ТС 110/10 kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица. Должината на траса за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 15,2 km.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија – новопланирана 10(20)kV подземен кабелски вод, КО Караормани-вон г.р., Општина Штип и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 234/2024 од 05.02.2024 година.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис

Арх.бр. УП1-15 234/2024
Дата 28-03-2024

Врз основа на член 97 став 1 и 2 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## За исправка на техничка грешка

Во Решение за Услови за планирање на простсторот со број УП1-15 234/2024 од 20.02.2024 год., издадено на Министерство за транспорт и врски, се врши техничка исправка во истото, односно делот од Решението со наслов Образложение во вториот пасос каде се наведени "Услови за планирање на просторот со намена инфраструктура за пренос на електрична енергија-новопланирана 10(20)kV подземен кабелски вод, КО Караорма-вон г.р., Општина Штип", треба да се наведат "Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на 110 kV далновод од ТС 110/10 kV Валандово до ТС 110/10 kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица".

Оваа исправка има правно дејство од денот од кога има правно дејство Решението за Услови за планирање на просторот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министертсвото за животна средина и просторно планирање донесе Решение за Услови за планирање на просторот арх. бр. УП1-15 234/2024 од 20.02.2024 год., со кое на Министерство за транспорт и врски се издаваат Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на 110 kV далновод од ТС 110/10 kV Валандово до ТС 110/10 kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица, издадено согласно Елаборат со тех. бр. Y37423 изработен од Агенција за планирање на просторот, доставен преку систем е-урбанизам во постапка УПП 53657 од 02.02.2024 год.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Во текот на изработката на Решението направена е техничка грешка во делот со наслов Образложение во вториот пасос, каде треба да стои "Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на 110 kV далновод од ТС 110/10 kV Валандово до ТС 110/10 kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица", наместо "Услови за планирање на просторот со намена инфраструктура за пренос на електрична енергија-новопланирана 10(20)kV подземен кабелски вод, КО Караорма-вон г.р., Општина Штип".

Во контекст на понапред наведеното, а согласно член 97 став 1 и 2 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање по службена должност донесе Решение за исправка на техничка грешка во Решение бр. УП1-15 234/2024 од 20.02.2024 год.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk